РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Бр. 03 - 931
28.10. 2015 г.
Скопје

**До**

**Деканот на факултетот**

Почитуван декане,

Ве известувам дека на **5. 11. 2015 година (четврток)**, ќе се одржи спортско-рекреативен и забавен ден, 31. есенска студентска планинарска тура „Водно 2015 година".

Традиционално, покровител на Планинарската тура е ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Оваа спортска активност се одржува по повод „13 Ноември" - Денот на ослободувањето на град Скопје.

На целта на Средно Водно е обезбеден чај а нашите колеги студенти од Факултетот за музичка уметност ќе организираат забава.

Ве молам на овој ден да ги ослободите од редовните обврски студентите од прва година, а по можност и останатите студенти од Вашиот факултет за да земат учество на планинарската тура. Ве поканувам Вас со професорите и соработниците да ни се придружите.

Стартот на планинарската тура е **со почеток во 10,00 часот** од Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, а учесниците треба да бидат присутни пред институтот **во 9,30 часот.**

Со почит,

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

Изготвил: И.Богоевски

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk